# ЗАНЗИБАР



Занзибар е островска држава која се наоѓа во Индискиот Океан и се наоѓа на 35 километри од африканско-танзанискиот брег. Се состои од неколку острови, од кои најголеми се Пемба и Унгуџа. Главниот град се наоѓа во Унгуџа, кој е поделен на три области: северен, јужен и градот Занзибар.

Во самиот град постои Камен Таун, кој бил изграден врз основа на свахили архитектурата, но исто така и под персиско, индиско и европско влијание. Поради неговата убавина и културно-историска вредност, островот е под заштита на УНЕСКО од 2000 година.

Како автономна покраина на Танзанија, таа е добро поврзана со главниот град Дар ел Салам, кој е оддалечен на 2 часа возење.

Климата е тропска, а просечната годишна температура е 26 степени. Официјални јазици се англискиот и свахилискиот јазик, а валутата е танзанискиот шилинг.

Бидејќи Занзибар е земја која почна да се развива во последниве децении, објектите за сместување се понови и природата сѐ уште е зачувана во својата убавина. Чисто и топло море, прекрасни песочни плажи и многу зеленило го прават Занзибар  рајска дестинација.

Јануари и февруари ја сочинуваат "кратката сува сезона", додека "долгата сува сезона" е од јуни до октомври. Април и мај се месеците со највисоки температури и најмногу врнежи.

За цената на аранжманот ве молиме да се јавите во Агенција:
Тел: 02 3100199
02 3100177
071835407
071377929

-
-
-